ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:18-131/14**

**Дата:** 06.12.2011

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за транспорт и врски (во натамошниот текст: МТВ) на сметката на основен буџет (631).

Во претходниот период е извршена ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за наменското и законско користење на средствата на МТВ за 2007 година и изразено е воздржување од давање на мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за наменското и законско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи изразено е негативно мислење.

Со ревизијата за 2010 година беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор (во натамошниот текст: ОДР) за 2007 година, при што е констатирано дека субјектот ги имплементирал сите препораки.

Врз основа на резултатите од ревизијата за 2010 година, ние изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на ден 31 декември 2010 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Обрнуваме внимание дека по основ на орочени средства во 2000 година, МТВ побарува 100.000 илјади денари од стечајната маса на „Експорт Импорт банка“ А.Д. Скопје, потврдено со решение на Основниот суд Скопје 1.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 7 до 9 заедно со ревизија на усогласеност на МТВ - сметка на основен буџет (631), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2010 година, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 19 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 став 2 од Законот за државна ревизија.

1.3. Во претходниот период е извршена ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за наменското и законско користење на средствата, кои претставуваат државни расходи на МТВ за 2007 година и е изразено воздржување од давање на мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за наменското и законско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи изразено е негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски од 28.07.2008 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола, која е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки, кои се разумни во околностите.

Раководството на субјектот, исто така, е одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска

регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Министерството за транспорт и врски се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ), кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази кои ги поткрепуваат износите и

обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и проценката на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата, исто така, вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. е планирана и извршена во периодот од 04.03.2011 година до 15.07.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на ОДР за 2007 година. Резултатите од оваа ревизија се презентирани во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој извештај.

Од вкупно 3 препораки дадени во конечниот извештај на ОДР за 2007 година, од страна на МТВ се спроведени сите три препораки . Наведеното укажува дека од страна на МТВ е направен значаен напредок во имплементацијата на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР од 2007 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 25.08.2011 година. Не се примени забелешки по Нацрт извештајот број 18-131/6 од 10.10.2011 година.

### Вкупни ефекти од наодите

Врз основа на резултатите од ревизијата не се утврдени материјално значајни ефекти врз финансиските извештаи.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за транспорт и врски на ден 31.12.2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со законите и прописите

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации , рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

Обрнуваме внимание дека МТВ врз основа на Договор склучен на 29.08.2000 година помеѓу Владата на РМ (преку МТВ) и „Експорт Импорт банка" А.Д. Скопје депонирало парични средства во износ од 100.000 илјади денари во „Експорт - Импорт банка" А.Д. Скопје.

Со Решение на Основниот суд Скопје 1 Ст. бр. 145/04 од 11.03.2004 година над должникот „Експорт Импорт банка" А.Д. Скопје е отворена стечајна постапка. По претходно одржано испитно–верификационо рочиште за утврдување на пријавените побарувања на доверителите од стечајниот должник, Основниот суд Скопје 1 донел решение со кое се утврдени побарувањата на 46 доверители на банката во стечај, меѓу кои и побарувањето на МТВ во износ од 100.000 илјади денари.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ - 631

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 1,265 | 634 |
| Капитални приходи | 21,648 | 4,500 |
| Трансфери и донации | 5,385 | 15,157 |
| **Вкупно приходи** | **28,298** | **20,291** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 10,751 | 9,616 |
| Субвенции и трансфери | 2,986 | 4,649 |
| **Вкупно тековни расходи** | **13,737** | **14,265** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 354 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **354** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **14,091** | **14,265** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **14,207** | **6,026** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **14,207** | **6,026** |

| | | |
|---|---|---|
| **МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ** | | |
| **СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ - 631** | | |
| **БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ** | | |
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 14,207 | 6,026 |
| Хартии од вредност | 3 | 3 |
| Побарувања од вработените | 455 | 433 |
| Активни временски разграничувања | 1,074 | 0 |
| Залихи | 28 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **15,767** | **6,462** |
| | | |
| **Постојани средства** | | |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 100,000 | 100,000 |
| **Вкупно постојани средства** | **100,000** | **100,000** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **115,767** | **106,462** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност | 3 | 3 |
| Финансиски и пресметковни односи | 1,074 | 0 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 0 | 68 |
| Пасивни временски разграничувања | 114,662 | 106,391 |
| **Вкупно тековни обврски** | **115,739** | **106,462** |
| | | |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 28 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **28** | **0** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **115,767** | **106,462** |

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ - 631

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | - | - | - |
| **Зголемување по основ на:** | - | 42 | 42 |
| Набавки | - | 42 | 42 |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - | - |
| **Намалување по основ на:** | - | - | - |
| Отпис на капитални средства | | - | - |
| Амортизација | - | - | - |
| **Состојба 31.12.2010 година** | - | 42 | 42 |

Ревизорски тим:
1.________________
2.________________
3.________________

Овластен државен ревизор

___________________________